**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 29 став 1 алинеја 20 и член 68 од Статутот на Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија, Централниот одбор на СДСМ на Петнаесетата седница, одржана на 26.12.2023 година, донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
**И роковник за постапката,начинот и критериумите за утврдување на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година**

1. **Постапка**

Постапката, начинот и критериумите за утврдување на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година, Централниот одбор на Социјалдемоктратскиот сојуз на Македонија задолжително ги регулира со Правилник.

Целта е:

- Согласно Статутот на СДСМ да се обезбеди отворена,инклузивна,транспарентна и демократска внатрепартиска постапка;
- Преку таквата постапка да се дојде до кандидати кои се авторитетни, угледни и почитувани во општеството,кои ќе донесат сигурна победа на претстојните парламентарни избори;
- Поблиску да се утврдат правата и обврските на сите учесници во постапката;
- Да се обезбеди ефикасност на постапката и нејзино навремено завршување.

По усвојување Постапката,начинот и критериумите за утврдување на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година, Централниот одбор на СДСМ на истата седница ќе донесе одлука за свикување на Конгрес на СДСМ на кој ќе биде утврдена листата на кандидати на СДСМ за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

Врз основа на член 4 став 2 од Изборниот законик, во Собранието на Репиблика Северна Македонија се избираат од 120 до 123 пратеници, од кои 120 пратеници се избираат според пропорционалниот модел, при што територијата на Република Северна Македонија е поделена на шест изборни единици утврдени со овој законик и во секоја се избираат по 20 пратеници и 3 пратеници се избираат според пропорционалниот модел во една изборна единица која ги опфаќа Европа, Африка, Северна и Јужна Америка,Австралија и Азија.

Секоја од партиите,односно коалициите,подносители на листите можат да предложат листи со по 20 кандидати за пратеници,за секоја од шесте изборни единици и 3 кандидати за изборната единица во дијаспората.

**2. Критериуми**

Кандидатите на СДСМ за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија треба да ги исполнуваат следните основни критериуми:

- Да бидат полнолетни, односно да имаат наполнети 18 години старост
- Да имаат деловна способност
- Да уживаат висок углед и доверба меѓу членството и симпатизерите на СДСМ, како и меѓу сите граѓани на Република Северна Македонија
- Да бидат активни во остварувањето на политичките и програмските определби на

СДСМ;
- Да ужива висок углед и кредибилитет во локалната заедница и регионот на живеење да ја има поддршката од сите етнички заедници;
- Почитување,вреднување на принципите и вредностите на едно општество за сите граѓани;
- Да биде угледен, чесен,професионален и стручен во делокругот на својата работа;
- Да поседува дополнителни вредности и капацитети за мобилизирање на граѓани;
- Во целост да ги почитуваат начелата и принципите на кои се темели Социјалдемократскиот сојуз на Македонија;
- Да потпишат изјава за прифаќање и почитување на Етичкиот кодекс на СДСМ и истиот во целост да го почитуваат;
-Изјава за прифаќање кандидатура за пратеник од редовите на СДСМ;
-Целосно почитување на Статутот на СДСМ;
-Целосно исполнување на предвидените законски услови за пратеник во Собранието на Република Северна Македонија;
- Во целост да ги почитува позитивните законски прописи на РСМ и да не се води постапка за било какви дејствија спротивни на закон и
- Реализирана обврска за навремено и редовно плаќање на членарина(врз основа на член 12 и 13 од Статут на СДСМ).

### 3. Предлагачи

Согласно овој Правилник право на предлагање на можни кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија имаат:
- Месните одбори на општинските организации на СДСМ
- Извршните одбори на општинските организации на СДСМ
- Извршниот одбор на ЦО на СДСМ
- ИО на Градска организација на СДСМ
- Самокандидирање.

### 4. Постапка пред месните одбори

Евидентирањето на кандидатите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година, ќе се спроведе на состаноците на месните одбори во општинската организација на СДСМ(во согласност со член 55 став 1 од Статутот на СДСМ).Претседателот на ОО и претседателите на МО, должни се навремено да ги информираат и поканат сите членови на месниот одбор за денот,часот,местото на одржување на состанокот на МО и тоа преку смс-порака и телефонско известување.

Распоредот за одржување на состаноците по месни одбори јавно се истакнува на огласна табла во ОО и се објавува преку сите средства за информирање(локален портал, партиски фан пејџ,социјални медиуми).

Членовите на Месните одбори предлагаат кандидати за пратеници исклучиво од својот месен одбор.

По завршување на состанокот задолжително се изготвува Записник и Листа на евидентирани кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година со точно неведено (име, презиме,адреса на живеење,дата на раѓање), и овие два акти во пишана форма,соодветно потпишани од страна на претседателот на месниот одбор во рок од еден ден по завршување на

состанокот се доставуваат до ИО на ОО.

**5. Постапка пред ИО на ОО на СДСМ и ИО на Градска организација на СДСМ**

По спроведување на постапката за евидентирање на можни кандидати за пратеници во Собранието на Република Сверна Македонија за парламентарните избори за 2024 година на состаноците на месните одбори, ИО на ОО изготвува предлог листа од сите евидентирани и самокандидирани кандидати за пратеници и кои ги исполнуваат основните критериуми од овој Правилник, со право во расправата да предложи и други,нови кандидати.

Предлог листата на евидентирани кандидати за пратеници утврдени од ИО на ОО и ИО на ГО на СДСМ потребно е да ги исполнат условите согласно овој Правилник како и да се земат во предвид принципите:
- 50% застапеност на обата пола
- најмалку една третина млади до 32 години
- различна етничка застапеност

ИО на ОО утврдува листа на евидентирани и самокандидирани кандидати кои ги исполнуваат основните критериуми од овој Правилник, без право на елиминација односно доставува минимум број на кандидати по општини и тоа:

- Општинските организации на СДСМ(општини до 20.000 гласачи)треба да достават листа со најмалку 2(два) евидентирани кандидати
- Општинските организации на СДСМ(општини од 20.000 до 50.000 гласачи) треба да достават листа со најмалку 4(четири)евидентирани кандидати
- Општинските организации на СДСМ и Градска организација на СДСМ(општини над 50.000 гласачи) треба да достават листа со најмалку 6(шест) евидентирани кандидати

Предлог кандидати за пратеници наведени во Предлог листата,задолжително доставуваат:

- Биографија/CV
- Мотивационо писмо/писмо за намера
- Потпишана Изјава за постапување и почитување на Етичкиот кодекс на СДСМ
- Изјава за прифаќање на кандидатурата за пратеник од редовите на СДСМ

Напомена: Разгледани ќе бидат само оние кандидатури со целосна документаца.

Предлог листата утврдена на состанокот на ИО на ОО и ИО на ГО на СДСМ заедно со комплетна документација за секој предлог кандидат на листата за пратеници и записник(пополнет по доставен терк од централата на СДСМ) од одржаниот состанок ги доставува до ИО и ЦО со согласност со роковникот.

**6. Самокандидирање**

Врз основа на Правилникот како и врз основа на Статутот на СДСМ,предвидена е можност за самокандидирање со поднесување на соодветна документација (Биографија/CV, Мотивационо писмо/писмо за намера, Потпишана Изјава постапување и почитување на Етичкиот кодекс на СДСМ и Изјава за прифаќање на кандидатура за пратеник од редовите на СДСМ), до Извршниот одбор на ЦО на СДСМ.

## 7. Постапка пред Извршниот одбор на ЦО на СДСМ

ЦО на СДСМ го овластува претседателот на СДСМ, во координација со највисокото партиско раководство, да формира работна група(да го утврди профилот на членовите во работната група) и да ги утврди критериумите за креирање на ранг листи за можни кандидати.

Работната група во својот состав задолжително вклучува надворешни експерти од различни области, а одлучува врз основа на строго утврдени критериуми.

Сите пристигнати предлози за кандидати за пратеници за парламентарните избори 2024 година, се доставуваат за понатамошно разгледување до работната група за дефинирање на ранг листите на можни кандидати за пратеници. Вака изготвената ранг листа се доставува до ИО на ЦО на СДСМ на понатамошно разгледување и утврдување.

Извршниот одбор на на ЦО на СДСМ расправа и одлучува по доставената ранг листа од страна на работната група. Извршниот одбор на ЦО на СДСМ има право во расправата да предложи и други, нови можни кандидати.

Врз основа на критериумите за евидентирање и утврдување на можни кандидати и врз основа на Договорот за коалицирање(доколку се настапи во коалиција со други партии) со кој се утврдени местата на изборните листи за пратеници од коалицијата,ИО на СДСМ му предлага на ЦО на СДСМ листа на можни кадидати за пратеници за шесте изборни единици од редовите на СДСМ и листа на кандидати за изборната единица во дијаспората.

## 8. Постапка пре Централниот одбор на СДСМ

Централниот одбор на СДСМ, ја разгледува предлог листата на кандидати за пратеници доставен до ИО на ЦО, ги утврдува со гласање и ги предлага до Конгресот за усвојување.

## 9. Постапка пред Конгресот на СДСМ

Конгресот на СДСМ во согласност со деловникот за работи води расправа по предлогот на ЦО на СДСМ и врз основа на гласање ги усвојуа листите за кандидати за учество на парламентарните избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за 2024 година.

## 10. Роковник за спроведување на постапката

Правилникот и Роковникот се доставуваат до сите ОО на СДСМ.

| Роковник за спроведување на постапката за предлагање на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Рок** | **Активност** | **Времетраење** |
| **1** | **од 09.01.2024 до 11.01.2024** | **<u>Седница на Извршниот одбор на ОО СДСМ во проширен состав (со претседатели на МО)</u>**<br><br>**(Во согласност со член 46 од Статутот на СДСМ) Одржување на седница на Извршниот одбор на ОО СДСМ, на која членовите на ИО ќе го разгледаат и ќе се запознаат со Правилникот за постапката, начинот и критериумите за утврдување на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година и Роковник за спроведување на постапката за предлагање на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година,**<br><br>**Напомена: Задолжително огласување на огласна табла во ОО на СДСМ Правилникот за постапката, начинот и критериумите за утврдување на за кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година и Роковник за спроведување на постапката за предлагање на за кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година.**<br><br>**Изготвување на распоред за одржување на состаноци на месните одбори на ОО на СДСМ за евидентирање на кандидати за Пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година.**<br><br>**<u>Состанок на ИО на Градската организација на СДСМ</u>**<br><br>**Запознавање на членовите на ИО на ГО на СДСМ Скопје со Правилникот за постапката, начинот и критериумите за утврдување на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година и Роковникот за спроведување на постапката за предлагање на кандидати за Пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година** | **3 (три) дена** |

СДСМ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | од<br>12.01.2024<br>до<br>26.01.2024 | <u>Состаноци на месните одбори на ОО на СДСМ</u><br><br>Одржување на состаноци на МО на ОО на СДСМ, во согласност со Правилникот, за евидентирање на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година. Состаноците на месните одбори ги води претседателот на ОО на СДСМ. Задолжително присуство на функционерите на состаноците од своите месни организации.<br>Записникот од одржаните состаноци и евидентираните кандидати за Пратеници во Собранието на Република Северна Македонија од МО се доставуваат најдоцна наредниот ден до ИО на ОО. | 15<br>(петнаесет)<br>дена |
| 3 | од<br>12.01.2024<br>до<br>21.01.2024 | <u>Самокандидирање</u><br><br>Објавување на оглас за самокандидирање на официјалната интернет страница СДСМ, како и објавување на оглас за самокандидирање во најмалку два дневни весници на македонски јазик и еден дневен весник на албански јазик.<br>Самокандидатурите за кандидати за Пратеници во Собранието на Република Северна Македонија се доставува до ИО на ОО на СДСМ. | 10 (десет) дена |
| 4 | 27.01.2024<br>и<br>28.01.2024 | <u>Седница на Извршен одбор на ОО СДСМ</u><br><br>ИО на ОО на СДСМ, задолжително одржува седница на еден од дадените датуми (27/28.01.2024) при што изготвува Предлог листа од сите евидентирани и самокандидирани кандидати кои ги исполнуваат основните од овој Правилник, со право во расправата да предложи и други, нови можни кандидати.<br>По одржувањето на ИО на ОО претседателот на ОО на СДСМ најдоцна до 29.01.2024 година, во хартиена форма до ИО на ЦО на СДСМ доставува:<br>1. Предлог листа на евидентирани кандидати за Пратеници (како прилог на оваа предлог листа, секој од евидентираните кандидати на листата задолжително е потребно да достави и:<br>- Биографија/CV<br>- Мотивационо писмо/писмо за намера<br>- Потпишана изјава за постапување и почитување на Етичкиот кодекс на СДСМ и<br>- Изјава за прифаќање на кандидатура за пратеник од редовите на СДСМ).<br>2. Записник од одржаниот состанок на ИО на ОО, (состанок на ИО на ОО за евидентирање кадидати за пратеници) | 2 (два) дена |

sdsm.org.mk• e-mail: press@sdsm.org.mk•тел.: +389 2 3293100• факс: +389 2 32932109адреса:ул. „Павел Шатев“ бр. 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | 27.01.2024<br>и<br>28.01.2024 | <u>Седница на Извршен одбор на Градската организација на СДСМ</u><br><br>Утврдување на предлог листа со кандидати за Пратеници за парламентарните избори 2024 година, кои ги исполнуваат основните критериуми, од Правилникот за постапката начинот и критериумите за утврдување на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за парламентарните избори 2024 година, донесен на 15-та седница на ЦО ден на 26.12.2023<br>По одржувањето на ИО на ГО претседателот на ГО на СДСМ најдоцна до 29.01.2024 година, во хартиена форма до ИО на ЦО на СДСМ доставува:<br><br>1. Предлог листа на евидентирани кандидати за пратеници (како прилог на оваа предлог листа, секој од евидентираните кандидати на листата задолжително е потребно да достави и<br>- Биографија/CV<br>- Мотивационо писмо/писмо за намера<br>- Потпишана изјава за постапување и почитување на Етичкиот кодекс на СДСМ и<br>- Изјава за прифаќање на кандидатура за пратеник од редовите на СДСМ).<br>2. Записник од одржаниот состанок на ИО на ГО на СДСМ (за евидентирање на кандидати за пратеници). | 2 (два) дена |
| 6 | од<br>29.01.2024<br>до<br>24.02.2024 | - Консултации со раководства на општински организации и градската организација<br><br>- Одржување на седница на ИО на СДСМ на која ке се утврди предлог можна листа на пратеници и ќе се свика ЦО на СДСМ која ке достави предлог листа на пратеници на усвојување до Дваесет и осмиот Конгрес на СДСМ<br><br>- 28 Конгрес на СДСМ | 27(дваесет и седм) дена |

Скопје, 26.12.2023 година

**Социјалдемократски сојуз на Македонија**
**Претседател**
***Димитар Ковачевски***

sdsm.org.mk• e-mail: press@sdsm.org.mk•тел.: +389 2 3293100• факс: +389 2 32932109адреса:ул. „Павел Шатев“ бр. 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија